**2016221026**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 6 став 1 од Законот за меѓународни рестриктивни мерки („Службен весник на Република Македонија" бр. 36/11), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 21.12.2016 година, донесе

## ОДЛУКА ЗА ВОВЕДУВАЊЕ НА РЕСТРИКТИВНИТЕ МЕРКИ, СОГЛАСНО ОДЛУКАТА (ЗНБП) 2016/1839 НА СОВЕТОТ ОД 17 ОКТОМВРИ 2016 ГОДИНА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКА 2010/638/ЗНБП ЗА РЕСТРИКТИВНИ МЕРКИ ПРОТИВ РЕПУБЛИКА ГВИНЕЈА

Член 1

Со оваа одлука се воведуваат рестриктивните мерки, согласно Одлуката (ЗНБП) 2016/1839 на Советот од 17 октомври 2016 година за изменување на Одлука 2010/638/ЗНБП за рестриктивни мерки против Република Гвинеја.

Член 2

Оваа одлука се однесува на следниве видови рестриктивни мерки:
- ембарго на оружје;
- забрана за влез во Република Македонија и
- финансиски мерки.

Член 3

Се определуваат Министерство за транспорт и врски, Министерство за внатрешни работи, Министерство за одбрана, Министерство за економија, Министерство за финансии, Министерство за финансии - Управата за финансисико разузнавање и Министерство за надворешни работи за надлежни органи за спроведување на рестриктивните мерки.

Член 4

Надлежните органи од член 3 на оваа одлука вршат надзор над спроведувањето на рестриктивните мерки.

Член 5

Спроведувањето на рестриктивните мерки се врши на начин утврден со Одлуката на Советот 2010/638/ЗНБП на Советот од 25 октомври 2010 година за рестриктивните мерки против Република Гвинеја објавена во „Службен весник на Република Македонија" број 93/2011 и Одлуката (ЗНБП) 2016/1839 на Советот од 17 октомври 2016 година за изменување на Одлука 2010/638/ЗНБП за рестриктивни мерки против Република Гвинеја.

Член 6

Рестриктивните мерки против Република Гвинеја ќе се применуваат до 27 октомври 2017 година.

Член 7

Одлуката (ЗНБП) 2016/1839 на Советот од 17 октомври 2016 година за изменување на Одлука 2010/638/ЗНБП за рестриктивни мерки против Република Гвинеја, во оригинал на англиски јазик и во превод на македонски јазик е дадена во прилог на оваа одлука и е нејзин составен дел.

Член 8

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 42-8931/1
21 декември 2016 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Владимир Пешевски**, с.р.

L 280/32 EN Official Journal of the European Union 18.10.2016

# COUNCIL DECISION (CFSP) 2016/1839

## of 17 October 2016

## amending Decision 2010/638/CFSP concerning restrictive measures against the Republic of Guinea

THE COUNCIL OF THE EUROPEAN UNION,

Having regard to the Treaty on European Union, and in particular Article 29 thereof,

Having regard to the proposal from the High Representative of the Union for Foreign Affairs and Security Policy,

Whereas:

(1) On 25 October 2010, the Council adopted Decision 2010/638/CFSP [1] concerning restrictive measures against the Republic of Guinea.

(2) On the basis of a review of Decision 2010/638/CFSP, those restrictive measures should be extended until 27 October 2017.

(3) Decision 2010/638/CFSP should therefore be amended accordingly,

HAS ADOPTED THIS DECISION:

*Article 1*

Article 8(2) of Decision 2010/638/CFSP is replaced by the following:

'2. This Decision shall apply until 27 October 2017. It shall be kept under constant review. It shall be renewed or amended, as appropriate, if the Council deems that its objectives have not been met.'.

*Article 2*

This Decision shall enter into force on the date of its publication in the *Official Journal of the European Union*.

Done at Luxembourg, 17 October 2016.

*For the Council*

*The President*

F. MOGHERINI

[1] Council Decision 2010/638/CFSP of 25 October 2010 concerning restrictive measures against the Republic of Guinea (OJ L 280, 26.10.2010, p. 10).

# ОДЛУКА (ЗНБП) 2016/1839 НА СОВЕТОТ

**од 17 октомври 2016 година**

**за изменување на Одлука 2010/638/ЗНБП за рестриктивни мерки против Република Гвинеја**

СОВЕТОТ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА,

имајќи го предвид Договорот за Европската унија, а особено член 29 од истиот,

имајќи го предвид предлогот од Високиот претставник на Унијата за надворешни работи и безбедносна политика,

со оглед на тоа што:

(1) На 25 октомври 2010 година, Советот ја донесе Одлука 2010/638/ЗНБП ([1]) за рестриктивни мерки против Република Гвинеја.

(2) Врз основа на прегледот на Одлука 2010/638/ЗНБП, тие рестриктивни мерки треба да продолжат да се применуваат до 27 октомври 2017 година.

(3) Затоа, Одлука 2010/638/ЗНБП треба соодветно да се измени,

ЈА ДОНЕСЕ ОВАА ОДЛУКА:

*Член 1*

Член 8(2) од Одлука 2010/638/ЗНБП се заменува со следново:

> ’2. Оваа одлука се применува до 27 октомври 2017 година. Оваа одлука е предмет на постојан преглед. Оваа одлука се обновува или изменува како што е соодветно, доколку Советот смета дека нејзините цели не се исполнети.“

*Член 2*

Оваа одлука влегува во сила на денот на нејзиното објавување во *Службениот весник на Европската унија*..

Луксембург, 17 октомври 2016 година.

*За Советот*

*Претседател*

Ф. МОГЕРИНИ

[1] Одлука 2010/638/ЗНБП на Советот од 25 октомври 2010 година за рестриктивни мерки против Република Гвинеја (Сл. весник L 280, 26.10.2010 година, стр.10).